АДИНГ АД
Бр. 02-1300/3
24.03 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 480 ст.3 од законот за трговски друштва, Надзорниот Одбор на АДИНГ АД до Собранието на акционери на АДИНГ Скопје поднесува

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА АДИНГ АД СКОПЈЕ**
**ЗА 2020 ГОДИНА**

Согласно законската регулатива на општите акти на друштвото, Надзорниот Одбор има овластувања да врши надзор врз управувањето со Друштвото.

Надзорниот Одбор, на седница одржана на **24.03.2021** година, ја разгледа Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2020 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на друштвото изготвен од Управниот Одбор на АДИНГ АД Скопје, консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за работата во 2020 година на АДИНГ АД Скопје и поврзаните друштва со предлог одлука на Управниот Одбор за распределба на добивката по годишната сметка, извештајот за извршената ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2020 година од овластениот ревизор ГРАНТ ТОРНТОН, при што констатира дека :

- Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2020 година и консолидираната годишна сметка на АДИНГ АД и поврзаните дрштва се согласно прописите на Република Северна Македонија и Меѓународните сметководствени стандарди, што е потврдено и од Ревизорската куќа ГРАНТ ТОРНТОН.

Поради тоа, Надзорниот Орган му предлага на Собранието на акционери на АДИНГ АД Скопје на годишното Собрание, Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2020 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на друштвото, како и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за работата во 2020 година на АДИНГ АД Скопје и поврзаните друштва, со предложената распределба на добивката да ги усвои.

Во текот на 2020 година Надзорниот одбор одржа 12 редовни седници и 2 вонредни седници во состав Претседател Белев Александар, Заменик претседател Александра Петровска, член Филип Филипоски и независен член Раде Јанков.

Присуството на седниците на членовите на Надзорниот Одбор како и на Претседателот на Управниот Одбор беше редовно а по прогласената глобалната пандемија предизвикана од ковид вирусот седниците се одржуваа без физичко присуство, но со помош на телефеонска-вибер конференциска врска и ZOOM платформата.

Материјалите се разгледуваа на месечно ниво за работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва за остварување на плановите за: реализација на продажбата на домашен и странски пазар; остварување на производството и реализација на набавките; трошоците; пресметките; остварените добивки односно загуби и друго.

Како резултат на разгледување на материјалите добиени од Управниот Одбор за работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва за 2020 година донесени се голем број на заклучоци како и 4 одлуки и тоа:

- Одлука бр.16 од 21.05.2020 година за утврдување на текстот на Извештајот за работата на Надзорниот одбор за 2019 година.
- Одлука бр.17 од 28.07.2020 година за давање претходна согласност за откуп на 2000 сопствени акции чии номинален износ заедно со акциите што ги стекнало претходно Друштвото надминуваат 1/10 од основната главнина
- Одлука бр.18 од 12.08.2020 година за согласност на независниот член на Надзорниот одбор, Јанков Раде за превземање на функцијата Управител во правниот субјект Биро Прес ДОО
- Одлука бр.19 од 10.12.2020 година за лице овластено за контакт со инвеститори во АДИНГ АД Скопје

Покрај разгледувањето на работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва преку материјалите добиени од Управниот Одбор, Надзорниот Одбор беше информиран од страна на Претседателот на Управниот Одбор за:

- Инвестиционите проекти во ДС и начинот на поволно финансирање на инвестициониот циклус;
- Обнова на возниот парк и продажба на старите возила;
- Состојбата и проблемите при набавка на репроматеријали поради кризата предизвикана од корона вирусот;
- Тековните и идните проекти во земјата и странство;
- Одложените судски рочишта и мирување на истите поради кризата предизвикана од корона вирусот;
- Мерките кои се превземаат поради справувањето со корона вирусот од страна на Кризниот штаб кој беше формиран веднаш со почетокот на пандемијата и организацијата на работата во таквите услови;
- Кредитната задолженост и моменталната ликвидност на АДИНГ но и пролонгирањето на отплатите за сите долгорочни и револвинг кредити и позајмици како дел од пакетот економски мерки на Владата за справување со кризата во стопанството предизвикана од корона вирусот;
- Техничкиот проблем во Биро Проект настанат од поплавата која предизвика голема материјална штета ;
- Присутност на сите вработени во друштвото, освен оние кои се опфатени со мерките на Владата во справување со Корона вирусот како и оние кои ги упатуваше Компанијата дома, поради превентива и безбедност и работа од дома за оние кои можеа да работат на тој начин;
- Успешно одржаното Годишно Собрание на АДИНГ АД по пат на коресподенција, изгласаните одлуки и доверба за членовите на НО и УО;
- Реконструкција на фабриката во Бугарија;
- Нови модифицирани адингови производи;
- Санација, реконструкција, тековно и инвестиционо одржување во фабричките хали и магацини со инсталирање на Линијата за производот Ингунит-т и сето тоа со сопствени средства;
- исплата на бонусот одобрен од акционерското собрание за деловна успешност на вработените согласно определените критериуми утврдени со одлука на управниот одбор;
- воведување на GPS уреди во возилата, како и во товарните возила на АДИНГ и Инвест А ;
- намалување на трошоците за првите шест месеци и придобивки од истите;
- кадровски промени во ИНСТИТУТ;
- исплатата на дивидендата во законски предвидениот рок;

- откажан договорот за закуп на деловен и магацински простор поради не придржување кон истиот од страна на БЦА ХЕМ и небезбедно постапување во однос на неговото работење;
- Усвоен Оперативниот Бизнис план за 2021 година за АДИНГ и фирмите ќерки
- Инфо за Годишниот состанок кој се одржа на 29.12.2020 година
- И други тековни работи околу судските предмети, стари ненаплативи и тешко наплативи побарувања кои мора да се отпишуваат и други актуелности во ДЕЛОВНИОТ СИСТЕМ.

Анализирајќи го работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва во 2020 година и видно од остварените позитивни финансиски резултати во тековната 2020 година, Надзорниот одбор дава Одлична оценка, посено истакнувајќи дека тоа е остварено во време на глобална светска пандемија.

Во 2020 година во АДИНГ АД остварени се следните резултати:

- Вкупната нето продажба на готови производи на домашен и странски пазар изнесува 5.490.016 евра. (+ 628,401 евра од останати приходи, или вкупно 6,118,417 евра). Реализацијата од готови производи изнесуваше 112% од планираната, а 121% во однос на 2019 година
- Вкупното производство изнесуваше 8.469 тони или 116% од планираното

Во 2020 година резултатите од финансиското работење во АДИНГ АД се следните:

- Приходите од деловното работење изнесуваат 6,118,417 евра.
- Добивката по оданочување изнесува 316.426 евра што претставува 5,17% од вкупните деловни приходи.

Освен работењето во 2020 година, во овој извештај го изразуваме нашето задоволство за вкупното работење на ДС АДИНГ за нашиот мандатен период 2017-2021 кој завршува со ова Годишно собрание.
Усвоениот Глобален Бизнис план за наведениот период во голем дел е реализиран преку оперативните планови за секоја година и истите се усвојувани на Годишните собранија на акционери.
Особено ги истакнуваме главните цели - минималниот профит од 250.000 евра во секоја година е над планираното, со повеќе од 5% и сите години исплатена е дивиденда - од планираната вредност од 20 ден/акција до досегашниот предлог од 25 ден/акција за 2020 година.
Исто така, намалена е задолженоста према банките за 281.875 евра.

Се согласуваме со оценката на УО дека овој период е најдобриот период на АДИНГ и дека идниот Надзорен и Управен одбор треба да продолжи со доброто планирање и со добра организација, со што ќе продолжи успешното работење и понатаму.

Надзорниот одбор позитивно ја оцени соработката која во остварувањето на своите надлежности утврдени со Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва ја имаше со Претседателот и членовите на Управниот одбор, со цел изградување на заеднички ставови во насока на остварување на зацртаните планови за успешен развој на Друштвото во изминатите четири години.

Надзорниот Одбор и во текот на 2021 година продолжи да го следи работењето на  АДИНГ АД и поврзаните друштва преку разгледување на материјалите добиени од Управниот Одбор и така ќе продолжи до изборот на новиот НАДЗОРЕН И УПРАВЕН ОДБОР.

Март 2021 година
Скопје

Претседател на Надзорен Одбор
Белев Александар